# С Т А Т У Т
# на
# МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ„ ГЕТЕБОРГ

ОСНОВНИ ОДРДБИ

§ 1

Македонското друштво „Гоце Делчев„ Гетеборг е доброволна и друштвена организација, политички независна, организирана од членови со цел за заеднички и организиран живот на своите членови.

§ 2

Името на Друштвото е: Македонско друштво „Гоце Делчев„ и го носи името на македонскиот легендарен ревулуционер и културен деец Гоце Делчев.

§3

Друштвото има свој амблем и печат

§ 4

Цели на друштвото се:
а) Да работи за зачувување на културата, јазикот, писмото и традицијата на нашиот народ.

б) Да го развива културно просветниот и забавниот живот, спортот и рекреацијата, а преку овие дејности да воспоставува контакти со други друштва, клубови и организации.

в) Да ги застапува интереите на своите членови врз основа на демократските принципи.

г) Да како социално културна заедница, заеднички се грижи за едно другарско воспитување и спроведува анти наркотична дејност.

ЧЛЕНСТВО

§ 5

Член на друштвото може да биде секој граѓанин на Македонија со живеалиште во Шведска и граѓани на Шведска кои што го прифаќаат статутот на Друштвото.
Зачленувањето се врши со пристапница односно со издавање на членска книшка.

§ 6

Членовите на друштвото можат да бидат редовни и почесни. За почесен член може да биде именувано лице кое особено заслужно работел/работи за друштвото. Одлуките за именување на почесни членови се донесуваат на годишното собрание. Почесните членови не плаќаат членарина.

§ 7

**Секој член на друштвото ги има следните права и должности:**

- активно да учествува во работата и одлучувањето;
- да бира и да биде биран во органите на друштвото;
- да учествува во подготовките и реализација на активности;
- да дава предлози и забелешки за прашања од заеднички интерес;
- да биде редовно и навремено информиран за друштвото;
- да ги користи друштвените реквизити и бенифиции;
- редовно ја плаќа членарината;
- да го чува угледот на друштвото;
- да го чува друштвениот имот и инвентар;
- да се придржува кон Статуот и одлуките донесени од органите на Друштвото.

§ 8

Од Друштвото може да биде исклучен член кој што ги крши одредбите на статутот и го нарушува угледот и авторитетот на друштвото. Решение за исклучување донесува Управниот одбор. Решение за исклучување не може да се донесе се додека членот не добие прилика да се изјасни за предметот во рок од 14 дена.
Жалба против решениото на Управниот одбор се понесува до Годишното собра-ние во рок од 30 дена пред одржувањето на собранието.

## ОРГАНИЗАЦИОНИ ОДРЕДБИ

§ 9

**Годишно собрание**

Годишното собрание е највисок орган на Македонското друштво „Гоце Делчев„ и се одржува во месец јануари секоја година. Собранието го закажува Управниот одбор и тоа најмалку 15 дена пред одржувањето на истото.

§10

Право на глас на Собранието имаат само членовите на Друштвото со навршени 15 години, кои платиле членарина за претходната година и тоа заклучно со 31 декември. Правото на глас е лично и не се применува преку полномошник.

§ 11

Решениата и одлуките на Собранието се полноважни ако за нив гласале повеќе од половината присутни членови со право на глас.

§ 12

Право на избор во Управниот одбор и комисиите се членови со право на глас. Вработен во Друштвото не може да биде избран за член на Управен одбор или комисија

§ 13

Гласањето се врши со таканаречено отворено гласање, односно со гласови да/не или со кревање рака. По барање на еден член, гласањето мора да се изврши со затворено гласање.

§ 14

**Годишното собрание ги врши следните работи**.

- Бира Работно претседателство, записничар и заверувачи.
- Го прифаќа Дневниот ред и Правилникот за работа.
- Донесува Статут и врши измени и дополнување на истиот.
- Го усвојува годишниот извештај за работа и финансискиот извештај.
- Ги бира и разрешува своите органи и тела
- Бира Претседател на друштвото.
- Ја прифаќа Програмата за работа и Буџетот
- Одлучува за висината на членарината .
- Решава по жалби, молби и барања упатени до собранието.

§15

**Вонредно собрание**

Вонредно собрание свикува Управниот одбор ако смета дека постои потреба за тоа. Управниот одбор е должен да закаже вонредно собрание по барање на Ревизионата комисија или по барање на 1/3 од. членовите со право на глас. Барањето мора да биде во писмена форма. Ако Управниот одбор во рок од 14 дена од дадениот предлог не свика Собрание, собранието го свикува Ревизионата комисија или инцијаторите.
Вонредното собрание се одржува спрема одредбите кои што важат за Годишното собрание а ги разгледува само оние прашања за кои што е свикано односно барано Собранието

§ 16

**Ревизиона комисија.**

Ревизионата комисија е контролен орган на Собранието и го контролира материално - финансиското работење на Друштвото.
Ревизионата комисија ја сочинуваат три членови избрани на Годишното собрание.
Ревизионата комисија врши контрола најмалку 3 пати годишно и поднесува писмен извештај за својата работа до Собранието.

§ 17

**Кандидациона комисија.**

Кандидационата комисија ја сочинуваат 3 членови избрани на Годишното собрание. Кандидационата комисија подготвува и поднесува предлог на можни кандидати за Управен одбор и Ревизиона комисија на Собранието.

## УПРАВЕН ОДБОР

§ 18

Управниот одбор е извршен орган на Собранието и ги спроведува статутарните и прогамските задачи на Друштвото како и одлуките и решенијата донесени на Собранието.

§ 19

Управниот одбор го сочинуваат членови избрани на Годишното собрание и членови делегирани од секциите и активите потврдени на Годишното собрание.
Работното престедателство на Годишното собрание и Верификационата комисија на истото ќе посвети посебно внимание и доколку постојат услови ќе внимава да не се предлага повеќе од еден член на потесно семејство во Управниот одбор, за да се избегнат појави на надгласување.

§ 20
Мандатот на половината членови на Управниот одбор е две години а другата половина една година со право на реизбор.
Управниот одбор за својата работа одговара пред Годишното собрание.

§ 21
Управниот одбор се состои од претседател, потпретседател, секретар, благајник, домаќин, референт за култура, референт за спорт и други должности спрема конкретните потреби и услови на Друштвото.

§ 22
Задолжениата од бр.1 до бр.4 го сочинуваат Претседателството на Управниот одбор.
Претседателството на Управниот одбор е консултативен орган со посебна одговорност за спроведување на одлуките на Управниот одбор.

§ 23
Управниот одбор работи спрема Правилникот за работа на Управниот одбор.
Управниот одбор ја планира и организира дејноста, ја води администрцијата, води евиденција за членството и уплатата на членарината.

§ 24
Управниот одбор се состанува по барање на претседателот или по барање на повеќе од половината членови на Управниот одбор.
Одлуките на Управниот одбор се полноважни доколку се присутни повеќе од половината членови на Управниот одбор.

§ 25
Претседателот на Друштвото има репрезе-нтативна и извршна функција и дирекно одговара за работата на Управниот одбор.
Претседателот е потписник на друштвото во согласност со Статутот.
Поединачни права на членовите на Управниот одбор да го преставуваат Друштвото се утврдува со правилникот за работа или со посебна одлука на Управниот одбор.

**Секции и активи**

§ 26
Секциите и активите се основни организациони структури и носители на дејноста и активноста на Друштвото.
Секциите им овозможуваат на членовите на друштвено изразување на нивните посебни изрази, претежно спортско -рекереативен и културно творечки карактер.
Активите ги изразуваат и организираат заед-ничките општествени интереси и потреби на поголеми групи на членовите преме нивната возраст, пол и професија.

§ 27
Секциите и активите одржуваат годишни изборни состаноци пред Собранието на Друштвото на кои се анализира работата и донесуваат смерници за понатамошната работа.
На состаноците се избираат раководства на секциите односно активите.

§ 28
Секциите и активите припремаат предлог план и програма за работа и го доставуваат до Управниот одбор. Управниот одбор можи да изврши измени и дополнувања на програмата и буџетот земајќи ја во предвид економската положба на друштвото.
Секциите и активите си избираат свои преставници за во Управниот одбор на Друштвото, кои што ги застапуваат нивните интереси т.е секциите и активите.

§ 29
Сите реквизити, средства и инвентар со кои располагаат и ги користат секциите и активите се сопственост на Друштвото.
Целокупната администрација на секциите и активите се чува во Друштвото, а кореспонденцијата се одвива само преку адреса на друштвото.
Се забранува неовластено користење на средствата определени како имовина на друштвото од други лица, освен доколку со одлука на Управниот одбор им е определен статус на гости на Друштвото.

§ 30
Решениа за формирање и распуштање на секции и активи донесува само Собранието.

## ЕКОНОМСКО РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО

§ 31

За својата дејност Друштвото остварува финансиски и материјални средства од:

- членарина што се одредува на Годишното собрание.
- приходи што се остваруваат од организирање на разни културни и спортски манифестации,
- донации од државни и општински установи,
- издавање под кирија на друштвените простории,
- приходи од кујаната и од продажба на лотарии.

§ 32

Финансиското сметководство се одвива според правилникот за работа на Управниот одбор. Сите уплати и исплати во колку постои можност да се вршат преку жиро сметка. Сите фактури, сметко потврди и други документи покрај одговорното лице ги потпишува и претседателот.

§ 33

Сметководството и книговодството на Друштвото се води за календарската година од 1 јануари до 31 декември

### Друштвени простории

§ 34

Просториите на Друштвото се место за одвивање на разни активности, средби и манифестации на членовите.
Просториите можат да се издаваат под кирија за семејни веселби само на лица кои што биле членови во последните две години.Управниот одбор можи да ги издава просториите под кирија само со писмен договор.

§ 35

Во просториите на Друштвото е забранета секаква политичка дејност која не е во согласува со друштвеното уредување на Шведска.
Забранет е секаков вид на обложување (коцкање) и продавање на алкохолни пијалоци или друга недозволена стока.
При организирање на манифестации управниот одбор е должен да бара дозвола за продавање на алкохолни пијалоци од надлежните органи.

## ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

§ 36

Одлука за зачленување на Друштвото во сојузи и организации донесува Годишното собрание на предлог на Управниот одбор.

§ 37

Измени и дополнување на Статутот донесува само Годишното собрание со 2/3 мнозинство од присутните членови.

§ 38

Само собранието може да донесе одлука за интеграција на Друштвото со други друштва или клубови.

§ 39

Само Собранието може да донесе одлука за прекин на дејноста и егзистенцијата на Друштвото со 2/3 мнозинство од присутните членови.
При престанок на работа на Друштвото целокупната друштвена имовина и администрација се предава на комуналната установа "Idrott och förening"

§ 40

Овој Стаут на Македонското друштво „Гоце Делчев„ со 40 член е изменет и дополнет на Годишното собрание одржано на 2022